| Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка — О П И С | 2008 Завршна сметка | 2009 Предходен буџет | БУЏЕТ 2010 Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **NA ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | **0** | **0** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | |
| NA0 ОБРАЗОВАНИЕ(КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **РАСХОДИ :** | | | | | | | | |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **0** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 480 Купување на опрема и машини | | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| NA0 ОБРАЗОВАНИЕ(КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **0** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 480 Купување на опрема и машини | | 0 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |

| Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка — О П И С | 2008 Завршна сметка | 2009 Предходен буџет | БУЏЕТ 2010 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
| **V1 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | **108.542.100** | **0** | **31.350.000** | **0** | **65.000.000** | **0** | **96.350.000** |
| **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | |
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | 108.542.100 | 0 | 31.350.000 | 0 | 65.000.000 | 0 | 96.350.000 |
| **РАСХОДИ :** | | | | | | | | |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | **51.371.900** | **0** | **0** | **0** | **50.000.000** | **0** | **50.000.000** |
| 401 Основни плати | | 36.856.400 | 0 | 0 | 0 | 35.000.000 | 0 | 35.000.000 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | | 14.515.500 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 | 0 | 15.000.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | | **53.670.200** | **0** | **29.050.000** | **0** | **15.000.000** | **0** | **44.050.000** |
| 420 Патни и дневни расходи | | 200.000 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | | 15.692.300 | 0 | 5.600.000 | 0 | 9.400.000 | 0 | 15.000.000 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | | 22.600.000 | 0 | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 17.000.000 |
| 424 Поправки и тековно одржување | | 7.605.600 | 0 | 4.300.000 | 0 | 300.000 | 0 | 4.600.000 |
| 425 Договорни услуги | | 6.772.300 | 0 | 1.400.000 | 0 | 200.000 | 0 | 1.600.000 |
| 426 Други тековни расходи | | 800.000 | 0 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| 427 Привремени вработувања | | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.100.000 | 0 | 5.100.000 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **3.500.000** | **0** | **2.300.000** | **0** | **0** | **0** | **2.300.000** |
| 480 Купување на опрема и машини | | 0 | 0 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 700.000 |
| 483 Купување на мебел | | 3.500.000 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |
| 486 Купување на возила | | 0 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | 108.542.100 | 0 | 31.350.000 | 0 | 65.000.000 | 0 | 96.350.000 |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | **51.371.900** | **0** | **0** | **0** | **50.000.000** | **0** | **50.000.000** |
| 401 Основни плати | | 36.856.400 | 0 | 0 | 0 | 35.000.000 | 0 | 35.000.000 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | | 14.515.500 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 | 0 | 15.000.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | | **53.670.200** | **0** | **29.050.000** | **0** | **15.000.000** | **0** | **44.050.000** |
| 420 Патни и дневни расходи | | 200.000 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | | 15.692.300 | 0 | 5.600.000 | 0 | 9.400.000 | 0 | 15.000.000 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | | 22.600.000 | 0 | 17.000.000 | 0 | 0 | 0 | 17.000.000 |
| 424 Поправки и тековно одржување | | 7.605.600 | 0 | 4.300.000 | 0 | 300.000 | 0 | 4.600.000 |
| 425 Договорни услуги | | 6.772.300 | 0 | 1.400.000 | 0 | 200.000 | 0 | 1.600.000 |
| 426 Други тековни расходи | | 800.000 | 0 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| 427 Привремени вработувања | | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.100.000 | 0 | 5.100.000 |

| Програма Подпрограма Категорија Ставка | О П И С | 2008 Завршна сметка | 2009 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2010 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **3.500.000** | **0** | **2.300.000** | **0** | **0** | **0** | **2.300.000** |
| 480 | Купување на опрема и машини | | 0 | 0 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 700.000 |
| 483 | Купување на мебел | | 3.500.000 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |
| 486 | Купување на возила | | 0 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |

| Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка — О П И С | 2008 Завршна сметка | 2009 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2010 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
| **VA СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | **0** | **0** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| **ПРИХОДИ :** | | | | | | | | |
| VA0 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **РАСХОДИ :** | | | | | | | | |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **0** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| 483 Купување на мебел | | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| VA0 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **0** | **0** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| 483 Купување на мебел | | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |

| Програма Подпрограма Категорија Ставка | О П И С | 2008 Завршна сметка | 2009 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2010 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од донации | Расходи од дотации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |

Буџетот на Општината за 2010 година влегува во сила со денот на објавување во " Службен гласник на Општината", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

бр. 07-5990/3
28,12,2009

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
МИЛАН АНДОНОВСКИ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010година**

1. Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.12.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-39/2**
**од 05.01.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, број 61/2004 и 96/2004) и член 151 став 1 од Деловникот на Општината Гази Баба (,,Службен гласник на Општина Гази Баба,, бр.4.06), Советот на Општината Гази Баба на единаесетта седница одржана на 28.12.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година

### Член 1

Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година (во понатамошниот текст: Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука

### Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности на корисниците на средствата на буџетот, Буџетот на дотации (Блок дотации) и буџетот на наменски средства.

### Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично согласно нивните субпотпрограми утврдени во согласност со потпрограмите.

### Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во соодветен износ.

### Член 5

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на Буџет на Општината.

Градоначалникот на Општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планираното може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот Градоначалникот на Општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 Ноември во тековната година.

### Член 6

Пренамената на средствата во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени со Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени на буџетот со кој се: зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци на плати и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации и буџетот на дотации (Блок дотации) и буџетот на наменските средства, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените од Општината и од локалните јавни установи ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, законите и колективните договори.

Платите на вработените во Општината и кај корисниците на средствата од буџетот на Општината Гази Баба во месец септември 2010 година се зголемуваат за 10%. Исплатата на платите кај јавните локални установи се утврдува согласно колективните договори и утврдената вредност на платите на ниво на Министерствата кои вршат соодветно финансирање на платите на вработените.

**Член 10**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 8% од просечната републичка плата остварена во претходното тримесечје.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

**Член 11**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од 84% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот за раководењето и организирањето на работата на Советот, месечниот надоместок од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

**Член 12**

Платата на Градоначалникот на Општина Гази Баба во 2010 година се зголемува за по 10%, започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2010 година.

**Член 13**

Исплатата на плати од локалните установи кои се финансираат од блок дотациите ја контролира и одобрува Министерството за финансии на РМ. Буџетските корисници се должни два дена пред исплатата на платите до Општината да достават Барање за одобрување на средствата за плати при што треба да приложат во два примероци.

Образец ПДП-МП И МП-1;

Образец ИР (Интерна рекапитулација)

Образец Ф1 (истиот снимен и на еден од медиумите ЦД, е-маил, дискета, во ексел формат); за месецот за кој се однесува исплатата.

**Член 14**

Општината врши збирна и поединечна контрола на доставените податоци од корисниците.

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на Општината, збирната пресметка и поединечните пресметки Градоначалникот ги доставува до ресорното Министерство преку кое се трансферираат блок дотациите.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплатата на платите и надоместоците ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 15**

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници се должни да доставаат известување за обезбедени финансиски средства, согласност од надлежното Министерство и Министерството за финансии и да приложат Образец М-1, и од Градоначалникот на Општина Гази Баба такво вработување го одобрил Градоначалникот

**Член 16**

Во случај на боледување подолго од шест месеци или во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот во Општината и во локалните јавни установи може да се исплати помош до висина на една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 17**

Во случај на смрт на вработениот во Општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од две последни просечно исплатени плати во органот каде што е вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

**Член 18**

На вработениот во Општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош до висина на една последна исплатена просечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во Општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса, што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош) или друг соодветен документ.

**Член 19**

Надоместоците кои се утврдени во членовите 17 и 18 се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година.

За сите исплати важи правилото: Исплатите се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината.

**Член 20**

Надоместоците за отпремнина за пензионирање на вработениот во Општината и во локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеа 2 и став 2 од Законот за исплата на платите од средствата на тековните резерви на Општината.

**Член 21**

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со веродостојни документи во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди (во готово) во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи (во готово плаќање) во противвредност до 100 ЕУР при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 22**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите ( за постојана резерва) одлужува Советот на Општината а ги извршува Градоначалникот и за тековната резерва (непредвидливи расходи) одлучува Градоначалникот но најмногу до 50.000,00 денари во поединечен случај при што во износот не влегува персоналниот данок на доход.

Исклучок претставуваат исплатата на средствата по членовите 18, 19, 20 и 21.

За овие средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај.

**Член 23**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

**Член 24**

Во Општината може да се вработуваат нови работници и да се пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на Општината.

За обезбедените средства Градоначалникот на Општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници и согласно Актот за систематизација.

**Член 25**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на терет на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 26**

Корисниците на буџетските средства доставуваат: месежни и тримесечни извештаи за трошењето на средствата, набавките на капитални средства и тримесечни извештаи за обврските постари од 30 дена до Градоначалникот.

Градоначалникот па, до Советот и до Министерството за финансии доставува тримесечни извештаи за: извршувањето на Буџетот, капиталните набавки и состојбата за обврските постари од 30 дена.

**Член 27**

Буџетот на Општина Гази Баба Скопје се извршува од 01.01.2010 до 31.12.2010 година.

**Член 28**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник,, на Општина Гази Баба а ќе се применува од 01 Јануари 2010 година.

**Бр 07-5990/4**
**Од 28.12.2009 год.**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за работа на Советот**
**на Општина Гази Баба за 2010година**

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2010 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.12.2009 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-39/3**
**од 05.01.2010 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 138, став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општината Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на 28.12.2009 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2010 година

**1. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Основ за изработка на Програмата за работа на Советот се работите што со Закон се ставени во надлежност на Советот. Програмата за работа ја донесува Советот за една календарска година, по предлог на Комисијата за програмирање на работата на Советот на Општината Гази Баба Оваа Програма во текот на годината е отворена и може да се менува и дополнува на начин и постапка како што е и донесена.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Комисија за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**2. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Со Одлуката се врши утврдување на највисокиот износ на готовински парични средства кои можат да се чуваат во благајната на Општината во 2010 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначални на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и развој

**3. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ И СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Програмата ќе се предвиди економскиот развој, вработувањето и едукација на невработените кадри на подрачјето на Општина Гази Баба за 2010 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и развој

**4. ПРЕДЛОГ-ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Завршната сметка се донесува согласно Законот за Буџетите. Завршната сметка се изготвува во согласност со класификацијата трошоците и се состои од општ и посебен дел и биланс на приходи и расходи.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и развој

**5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ ВО 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат опфатени материјалното и финансиското работење на Општината во 2010 година, односно трошењето на средствата од Буџетот на Општината. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година при што ќе се даваат податоци за остварување на Буџетот на Општината.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и развој

**6. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**7. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на евентуално настанатите проблеми. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно ланирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**8. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места на подрачјето на Општината Гази Баба. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секој три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор на финансии и развој

**9. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ И ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани реализираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на евентуално настанати проблеми. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**10. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе биде прикажано одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на Општина Гази Баба за 2010 година, со предлог на мерки за подобрување на активностите околу одржувањето на истите површини. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**11. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани програмските активности кои биле реализирани во тековната година. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**12. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ НА УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**13. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**14. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**15. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за тековното одржување на училишта во Општина Гази Баба за 2010 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**16. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА НАТПРЕВАРИ ПО ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за натпревари по техничко образование од училиштата во Општина Гази Баба за 2010 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**17. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат искажани состојбите и проблемите во врска со кадровската и техничката опременост на Основните училишта и Детските градинки на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Комисија за општествени дејности

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**18. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Со Информирањето ќе бидат искажани состојбите и проблемите од безбедносен аспект, со посебен осврт за движењето и сузбивањето на наркоманијата на подрачјето на Општина Гази Баба.

Информирање за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Гази Баба ќе дадат Градоначалникот на Општината Гази Баба и овластен преставник на МВР.

**19. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЕКОЛОШКАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат искажани состојбите и проблемите од еколошки аспект на подрачјето на Општина Гази Баба (аерозагадување, снабдување и составот на водата за пиење на основа добиените податоци од мерните пунктови, одржувањето на јавната чистота и слично).

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за заштита на животната средина и природата

**20. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПРОЕКТИ ВО ПОСТАПКА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат наведени колку и кои урбанистички планови се донесени во тековната година и проекти кои се во постапка за нивно донесување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**21. УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Утврдувањето на Деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за села и вон населено место ќе се реализираат согласно Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Гази Баба за 2010 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**22. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** По спроведената постапка за донесување на урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање се донесуваат Одлуки за донесување на урбанистички планови за подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**23. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА 2010/2011 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Советот на Општината Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на Основните училишта за 2010/2011 година, на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Училишни одбори на Основните училишта

**24. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ЗА 2010/2011 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Советот на Општина Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на Детските градинки за 2010/2011 година на подрачјето на Општината Гази Баба

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Управни одбори на Детските градинки

**25. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на Програмата во текот на 2010 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**26. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани состојбите и проблемите околу реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на проблемите.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**27. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2010 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат опфатени финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места од подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и развој

**28. ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ ЗА 2011 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Правниот основ за донесување на Буџетот и Одлуката за неговото извршување како основен акт и услов за финансирање на Општината во тековната година се Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и развој

**29. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште на просторот на Општина Гази Баба за 2011 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**30. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Во рамките на средствата што се определени за реализација преку Републичкиот фонд за магистрални и регионални патишта ќе се предложи Програма изработена според барањата на граѓаните и нивните потреби. Исто така во Програмата ќе се определат активности за уредување на улиците во населените места и за сервисните и станбени улици на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам и просторно планирање, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**31. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Со Програмата се предвидуваат обемот, начинот, динамиката на работите и средствата сврзани со уличното осветлување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и развој

**32. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работењето и потребните финансиски средства по Програмата.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за заштита на животната средина и природата

**33. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со културата во Општина Гази Баба за 2011 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**34. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со културните манифестации во училиштата во Општина Гази Баба за 2011 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**35. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА СПОРТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со спортот во Општина Гази

Баба за 2011 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**36. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со училишниот спорт во Општина Гази Баба за 2011 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**37. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за тековното одржување на училиштата во Општина Гази Баба за 2011 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**38. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА НАТПРЕВАРИ ПО ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за натпревари по техничко образование од училиштата во Општина Гази Баба за 2011 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за правни и општи работи

**39. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСПОСТАВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2011 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за протоколарните и традиционални активности во 2011 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5990/5**
**Од 28.12.2009год.**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА**
**Милан Андоновски, с.р.**

